**Реден број на прилогот: 26**

| **Прилог бр. 3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Историја на античките Македонци 1 (фонд на часови: 2+2) | | | |
| 2. | Код | / | | | |
| 3. | Студиска програма | Историја со архивистика | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел) | Институт за историја | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | прв | | | |
| 6. | Академска година /семестар | Прва година / прв семестар | | Број на ЕКТС- кредити | 6 |
| 8. | Наставник | проф. д-р Војислав Саракински | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | Нема | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции): Предметот ја опфаќа историјата на античката област и кралство Македонија од првата индоевропска миграција на Балканот, до смртта на кралот Филип II и доаѓањето на власт на Александар III. Целта е студентите детално да се запознаат со историјата и културата на античка Македонија и македонските племиња во антиката, но и да ги запознаат и сфатат историските процеси и состојби кои ја овозможиле етногенезата на античките Македонци и создавањето на кралството на династијата Аргеади.<br>Откако ќе се покријат основните методолошки прашања во врска со местоположбата на античка Македонија, пишаните и материјалните извори, јазикот, религијата, обичаите и односот со соседните народи и традиции, се минува на разгледување на собитијата од владеењето на македонските кралеви, како и учеството на македонското кралство во двете големи војни кои ја одбележале историјата на јужниот Балкан во античко време: Грчко-персиските војни и Пелопонеската војна. Обработката на материјалот завршува со смртта на Филип II, во моментот кога македонското кралство претставува регионална, а токму пред да стане светска сила. Походот на Александар III на Исток и настаните што уследиле се обработуваат во предметот Историја на античките Македонци 2. | | | | | |
| 11. | Содржина на предметната програма: Географска положба на Македонија (граници, особености, области). Извори за античката историја на Македонија. Етногенеза: етнички состав, проблеми на етногенезата, историјат на проблематиката, извори. Јазик, религија, календар. Периодизација на политичката историја. Прва македонска династија: Аргеади, име и потекло. Кралевите од крајот на VIII век ст.е. до V век ст.е. Македонија во Грчко-персиските и во Пелопонеската војна. Кралевите до средината на IV век ст.е. Македонија во времето на Филип II: освојувања, реформи. Социјална структура на македонското општество. Културата во време на Аргеадите: урбанизам, архитектура, мозаици, сликарство, скулптура, историски дела. | | | | | |
| 12. | Методи на учење: компаративен, критичко-аналитички | | | | | |
| 13. | Вкупен расположив фонд на време | 180 часа | | | |
| 14. | Распределба на расположивото време | 60 часови (2+2) + 120 | | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1. | Предавања - теоретска настава | | 30 часа |
| | | 15.2. | Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа | | 30 часа |
| 16. | Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | | 25 часа |
| | | 16.2. | Самостојни задачи | | 25 часа |
| | | 16.3. | Домашно учење – задачи | | 70 часа |
| 17. | Начин на оценување | | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 17.1. | Тестови | Минимум 36, максимум 70 бодови |
| | 17.2. | Индивидуална работа/проект ( презентација: писмена и усна) | 15 бодови |
| | 17.3. | Активност и учество | 15 бодови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18. | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 50 бода | 5 (пет) (F) |
| | | 51 х до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | 61 х до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 19. | Услов за потпис и за полагање завршен испит | нема | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | македонски | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | континуиран | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Н. Проева | Историја на Аргеадите | Скопје: Графотисок | 2004 |
| | | 2. | J. Борза | Под сенката на Олимп | Скопје: Патрија | 2004 |
| | | 3. | J. Roisman & I. Worthington (eds.) | A Companion to Ancient Macedonia | Wiley-Blackwell | 2010 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | F. Papazoglu | Srednjobalkanska plemena u predrimsko doba | Sarajevo: CBI | 1969 |
| | | 2. | П. Кабан | За Илирите од Бардилис до Гентиј | Скопје: Догер | 1996 |